Република Македонија
Министерство за животна средина
и просторно планирање
Управа за животна средина

[redacted]

Архивски бр. 11-863/2
Дата: 11.02.2013

Република Македонија
Министерство за
животна средина
и просторно планирање
Управа за животна
средина

Бул."Гоце Делчев" бб
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3251 400
Факс. (02) 3220 165

**До: Фондација Метаморфозис**
**Апостол Гусларот 40**
**1000 Скопје, Македонија**

**Предмет: Информација од јавен карактер - Прилог**
**Врска: Ваш Предмет бр. 08 – 8/23 од 23.01.2013**

Почитувани,

Во врска со Вашето барање за доставување на информација по однос на издадените интегрирани еколошки дозволи, односно дозволи за усогласување со оперативен план Ве упатуваме на следното:

Во Прилог I и II од Уредбата за определување на активностите на инсталациите за кои се издава интегрирана еколошка дозвола, односно дозвола за усогласување со оперативен план и временски распоред за поднесување на барање за дозвола за усогласување со оперативен план (Службен весник на РМ 89/05), определени се категориите на индустриските активности кои подлежат на А/Б - интегрирана еколошка дозвола, истотака и опишан временскиот период на поднесувањето на барање за дозвола за усогласување со оперативен план.
Земајќи го предвид обемот на загадување врз животната средина како и временскиот интервал за поднесување на барањето за дозвола, Министерството за Животна средина и просторно планирање, предност при издавање на истите им даде на индустриските сектори за енергетика, минерали и преработка на метали.

Согласно листата на идентификувани ИСКЗ инсталации ( 130, со напомена дека бројот на инсталациите не е постојан) сите

Република Македонија
Министерство за животна средина
и просторно планирање
Управа за животна средина

шест индустриски сектори дефинирани под Анекс I од ИСКЗ Директивата, како и Прилог I од горе наведената Уредба, до Министерството за животна средина и просторно планирање доставиле барање за добивање на интегрирана еколошка дозвола, односно дозвола за усогласување со оперативен план.
Заклучно со 31.12.2012 издадени се вкупно 36 интегрирани еколошки дозволи од кои 10 А-интегрирани еколошки дозволи, 24 А- дозволи за усогласување со оперативен план и 2 Б-дозвили за усогласување со оперативен план.
Истотака, би сакале да Ве насочиме на тоа да целокупната документација на барањата за веќе добиените дозволи, барањата што се во процедура на разгледување, како и издадените дозволи може да се најдат на *web*–сраната на МЖСПП ( www.moepp.gov.mk).

Република Македонија
Министерство за
животна средина
и просторно планирање
Управа за животна
средина

Бул."Гоце Делчев" 66
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3251 400
Факс. (02) 3220 165

Со почит,

Изготвил:
Беса Татеши
Одобрил:
Назим Алити

**Д и р е к т о р**
**Игор Трајковски**

**Прилог** – Листа на издадени дозволи од МЖСПП